РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
0302 Су.бр. 351/24
16.09.2024 година
ДЕЛЧЕВО

ВД Претседателот на Основен суд Делчево, судија Миле Ѓоргиев, врз основа на член 88 од Законот за судовите член 13 став 4 од Деловникот за работа на судовите, денес на ден 16.09.2024 година донесе:

# И З М Е Н А
## на Годишен распоред за работа на Основен суд Делчево за 2024 година

Судската функција во Основен суд Делчево ја вршеа двајца судии и тоа: судијата Миле Ѓоргиев и судијата Костадин Ѓоргиев кој беше делегиран судија во Основен суд Делчево од Основен суд Струмица врз основа на Одлука на Судскиот совет на РСМ сметано од 06.09.2023 година до 06.09.2024 година. Со Решение бр.02-1643/3 од 11.09.2024 година на Судскиот совет на РСМ Катерина Тодорова судија на Основен суд Струмица времено е упатена за вршење на судиската функција во Основен суд Делчево сметано од 11.09.2024 година за период од 1-една година од денот на упатувањето. Судијата Катерина Тодорова има изјавено приговор против така изготвеното решение до седницата на Врховниот суд на РСМ. Бидејќи по заминувањето на судијата Костадин Ѓоргиев, нововнесените предмети од уписниците од граганска и прекршочна област остануваат нераспределени се до денес, се донесе следната измена

1. Судијата Миле Ѓоргиев кој е и Претседател на судот ќе постапува по кривични предмети, предметите по кои постапува кривичен совет, старите предмети од граганска област, прекршочни предмети како и нововнесените предмети од сите други области внесени по 05.09.2024 година се до доаѓање на нов судија кога ќе се изврши нова измена на годишниот распоред за работа.

Во останатиот дел распоредот останува ист.

Основен суд Делчево 16.09.2024 година

ВД Претседател на Основен суд Делчево
Миле Ѓоргиев,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
6
ДЕЛЧЕВО